**Леон Димовски 9б**

# **”Мојата идна професија”**

Безгрижно детство е сон на секое дете.Уште од раното детство како и сите деца така и јас мислев на моите желби,сонови,фантазии.Моето детство беше исполнето со многу љубов и среќа која најпрво ми ја доделуваа родителите но и сите останати околу мене.Како и секое дете така и јас во секој час,секој момент а и секој нов ден имав своја замисла и желба што сакам да бидам кога Ке пораснам. Безразлика на тоа што во секој момент мојата желба беше различна за тоа што сакам да бидам сепак се замислував и соживував со секоја професија.

Уште од мал додека ги гледав филмовите каде имаше сцени кога добрите и лошите водат некаква војна, ми се вроди желба и јас да бидам еден од добрите кои Ке го штити светот од зло.Знаев дека сакам да бидам полицаец.Со тоа што Ке бидам полицаец Ке бидам во можност да им помогнам на сите на кои им е потребна мојата помош,а воедно и со одредена казна да ги казнам луеето кои прават прекршоци.Бидејќи секогаш сум расположен за запознавање со нови личности и настани можеби и затоа ме привлекува оваа професија.Во оваа професија која јас ја одбрав мислам дека финансиската страна не игра  голема улога,бидејќи оваа работа Ке ја работам со љубов.

Не знам дали некој може си сигурност на наша возраст да ја одбере вистинската професија,но за среќен живот мислам дека треба да го слушам срцето и желбата за она што ќе го работиш да те задоволува

Тебе без разлика колку е тешко и носи финансиска корист.Јас го избрав

Тоа и од се срце со големо задоволство би сакал да биде мојата идна професија.